**ПОГЛАВЈЕ III: УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА**

ВОВЕД

III.1 ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

III.1.1 Организациски единици на АГРОСОФТ ДООЕЛ, ЛОЗОВО

III.1.2 Организациска поставеност на Подружница Свињарска фарма АГРОСОФТ с.Амзабегово - Органограм

III.2 БРОЈ И СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

III.3 ОРГАНИЗИРАЊЕ И КОНТРОЛА НА РАБОТАТА

III.4 РАБОТНО ВРЕМЕ, ОБУКИ ЗА РАБОТА И НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ

III.4.1 Работно време

III.4.2 Обуки за работа

III.4.3 Надворешни соработници

III.5 СТАНДАРДИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

**ВОВЕД**

Во ова поглавје се наведени детали за структурата на управување со Инсталацијата, организациската структура и функционалната поставеност на работните места во Свињарската фарма на АГРОСОФТ дооел Лозово.

**III.1. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА**

**III.1.1.Организациски единици на АГРОСОФТ ДООЕЛ Лозово**

Согласно податоците од Тековната состојба од 23.02.2024г., издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија, во состав на правниот субјект АГРОСФОТ ДООЕЛ Лозово има една подружница:

-Подружница Друштво за производство и промет со земјоделски производи АГРОСОФТ извоз-увоз ДООЕЛ Лозово – Подружница бр.1 с.Амзабегово, Свети Николе

*(Прилог бр.9: Шема на организациска структура на АГРОСОФТ дооел Лозово):*

Приоритената дејност на правниот субјект АГРОСФОТ ДООЕЛ Лозово е ,,Одгледување на жита (освен ориз), мешункасти растенија и маслодајно семе'' со главна приходна шифра 01.11.
Приоритена дејност на Подружницата бр.1 е ,,Помошни дејности за одгледување на животни'' со главна приходна шифра 01.62.
Сопственик на АГРОСОФТ ДООЕЛ Лозово е Александар Стојанов, со адреса на живеење ул.Самоборска бр.4 во Велес.
Управител на АГРОСОФТ ДООЕЛ Лозово и на Подружницата бр.1 е Марија Стојанова, со адреса на живеење ул.Мирка Гинева бр.16 во Велес.

**III.1.2. Организациска структура на Подружница бр.1 Друштво за производство и промет со земјоделски производи АГРОСОФТ извоз-увоз ДООЕЛ Лозово – Подружница бр.1 с.Амзабегово, Свети Николе**

Производствениот систем во свињарската фарма, како составен дел од Подружницата бр.1, претставува технолошки процес на одгледување на прасиња и нивно гоење до свињи со тежина од околу 95-110kg. Операторот набавува мали прасиња, се грижи за нив и ги продава по достигнување на продажна тежина од околу 95-110kg жива мера. Во фармата се обезбедени сите услови за непречен раст и развој на прасињата, исхрана и комплетна здравствена заштита.
Обезбедувањето на поволен амбиент за животните, одржувањето на хигиената, исхраната на животните, одржувањето на опремата и други помошни работи се вршаат од страна на вработените лица.
За дел од работните активности врз основа на договор се ангажираат надворешни деловни партнери.
Управувањето со претпријатието, извршувањето на работните активности, дефинирањето и лоцирањето на одговорноста на вработените во рамките на нивните работни задачи се врши според организациската поставеност и според описот и пописот на работните задачи од актот за Систематизацијата на работни места.

**III.2 БРОЈ И СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ**

Врз основа на актот за основање, со операторот управува одговорното лице Марија Стојанова, дипломиран економист, кое е одговорно за извршување на тековните активности во претпријатието, како што се спроведувањето на планот за работа на претпријатието, исполнувањето на обврските кои произлегуваат од работењето кон државата и деловните партнери, обезбедувањето на материјални средства и грижата за човечките ресурси. Во исто време раководи и со инсталацијата (Фарма за интензивно свињарство), како координатор за животна средина, при што се грижи за работите сврзани со прашањата за заштита на

животната средина, а посебно за контрола и третман на емисиите, управување со отпадот, здравјето и безбедноста на работниците, како и за односите со локалната самоуправа.
Во надлежност на одговорното лице е истражувањето и развојот, во смисла на испитување и воведување на нови технологии, нови машини и сл.
Сметководствените и комерцијалните работи за потребите на Подружницата бр.1 ги врши сметководител со ВСС – Економски факултет.
Вкупниот број вработени во АГРОСОФТ,Лозово изнесува 37 лица , од кои во Подружницата 1 - свињарската фарма работно се ангажирани 5 (пет) лица.
Дејноста се извршува со оптимален број вработени лица на работни места според постојната систематизација.
Извршувањето на работите од технолошкиот процес во свињарската фарма е од страна на следните вработени лица:

- Општи работници 2 (две) лица со основно образование
- Тракторист ....... 1 (едно) лице со средно образование
- Бравар ............. 1 (едно) лице со средно образование
- Хигиеничар ....... 1 (едно) лице со основно образование

Целосната одговорност за работата и спроведување на мерките за намалување на емисиите во инсталацијата е на управителот на операторот, кој е и е директно одговорен за правилно спроведување на мерките за намалување на емисиите. Управителот и стручните лица, кои се повремено ангажирани во инсталацијата се запознати со постапката за спречување или намалување на последиците од непредвидени ситуации (поплава, земјотрес, пожар, гром и сл.), како и со мерките за заштита на работа.
Складирањето и управувањето со суровините, помошните материјали, работни флуиди и производи е организирано и под стална контрола.
Управувањето со отпад операторот го спроведува согласно одредбите на Законот за управување со отпад (Сл. весник на РМ бр. 68/2004 и Исправка бр. 71/2004), како и Законот за нуспроизводи од животинско потекло (Сл. весник на РМ бр. 113/2007).
По добивање на Б-Интегрираната еколошка дозвола во Инсталацијата ќе се именува лице одговорно за спроведување на условите во дозволата, што истовремено е обврска на Операторот според член 111 став (3) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22).

### III.3 ОРГАНИЗИРАЊЕ И КОНТРОЛА НА РАБОТАТА

Извршувањето на работните задачи во Инсталацијата за интензивно свињарство се изведува со планска подготовка, задавање на усни налози за работа од раководните лица, кои потоа ја контролираат реализацијата.

При планирањето и изведувањето на работите, се земаат во предвид сите околности кои директно или индиректно можат да влијаат врз процесот на одгледување на свињи.
Предвидената хиерархија при управувањето и контролата на работите се применува и почитува од сите вработени лица.

## III.4 РАБОТНО ВРЕМЕ, ОБУКИ ЗА РАБОТА И НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ

### III.4.1 **Работно време**

Работното време во инсталацијата е од понеделник до петок, од 07 до 15 часот. Во викенди и празници има дежурни работници во прва смена.
Надвор од работното време, надзорот и обезбедувањето на објектите на Свињарската фарма се спроведува преку инсталираниот систем на видео-надзор со камери (CCTV).

### ***III.4.2 Обуки за работа***

Сите вработени лица се стручно обучени за работните задачи кои ги извршуваат.
Преку раководните лица, персоналот редовно и тековно се запознава и со обврските во нивниот домен на работа. Нововработените лица преку раководителите се упатуваат во видот и обемот на работните задачи, но истовремено и со барањата за заштита на животната средина.
За спроведените обуки од овластена фирми се издаваат соодветни уверенија за извршена обука.

### III.4.3 Надворешни соработници

Во здравствена заштита на фармските животни врз основа на погоре цитираниот договор, вклучена е Ветеринарната амбуланта УНИ АГРО ДОО Велес, с. Ново Село (со регистарски број 07-3316/1 од 25-07-2012 година).
Други позначајни активности кои се извршуваат од страна на надворешни правни субјекти се:
-Дезинфекција, Дезинсекција и Дератизација се извршуваат од страна на Ветеринарната амбуланта УНИ АГРО ДОО Велес, с.Ново Село;
-Подигнувањето на опасниот отпад од дејноста во фармата преку Ветеринарната амбуланта УНИ АГРО ДОО Велес, с.Ново Село го врши Ремондис Медисон ДОО – Скопје. Ветеринарната амбуланта на УНИ АГРО доо Велес според склучениот договор има обврска да го собере, складира а потоа и предаде опасниот отпад кој настанува од здравстената заштита на животните на фармата на АГРОСОФТ дооел на овластено правно лице. (*Прилог бр.8: Договор помеѓу АГРОСОФТ-Лозово и Ветеринарна амбуланта УНИАГРО доо Велес и Прилог бр.10: Договор помеѓу УНИАГРО доо Велес и Ремондис Медисон ДОО – Скопје)*
- Подигнувањето на комуналниот отпад го врши Јавното комунално претпријатие за комунални дејности и уредување на градежно земјиште – Лозово, врз основа на Договорот

кој Сопственикот на објектот УНИ АГРО доо Велес своевремено го склучил за собирање и транспортирање на комуналниот отпад од овој објект. Договорот е сеуште во сила, така да комуналниот отпад се собира од објектот, фактурата ја плаќа УНИ АГРО доо Велес како договорна страна, а потоа АГРОСОФТ дооел Лозово му го надоместува платениот износ. *(Прилог бр.11: Договор помеѓу УНИ АГРО доо Велес и ЈКП Лозово за собирање и транспортирање на комунален отпад).*

## III.5 СТАНДАРДИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

Операторот нема воведено стандарди за управување со квалитет (ISO 9001), управување со животната средина (ISO 14001) и систем за безбедност на храна (HACCP).

Работните процеси во инсталацијата Операторот ги извршува според усвоените интерни процедури, кои искуствено се утврдени и прифатени како најкорисни.